**20150250633**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 67 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ЗА НЕСПОСОБНОСТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/13 и 11/15) во член 3 став 1 во точките 6 и 8 износот „50.000“ се заменува со износот „70.000“ .

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Доколку подносителот/корисникот на правото на постојана парична помош приложи потврда и сметка за набавка на ортопедско помагало или лекови, платените средства не се засметуваат во износот утврден во точките 6 и 8 од овој член.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.10-1717/1
19 февруари 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.